Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11, 192/15,209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ( "Службен весник на Република Македонија"број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( "Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник број 239 од 19.11.2019 година ) член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/2005), и Колективен договор за вработените во Општина Битола 08-938/1 од 29.08.2022 година Советот на Општината Битола на 42-та седницата одржана на ден 09.07.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2024 година

Член 1

Во членот 6 став 1 се брише зборот “ основниот”.

Член 2

Во членот 12 став 1 после зборовите просечна месечна се додава зборот “нето”.

После ставот 2 се додава нов став кој гласи:

“Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот”.

Член 3

Во членот 18 став 1 се врши измена и ќе гласи” Исплатата по основ на на смрт на вработен или смрт на член на потесно семејство ќе се врши согласно одредбите на Општиот колективен договор за јавниот сектор ( Службен весник број 154/2023 година)” во општината и локалните јавни установи.

Во членот 18 став 2 и 3 се бришат.

Во членот 18 став 4 преминува во став 2 и ќе гласи:

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на Општина Битола програма Е0- Општинска администрација, додека за вработените во локалните јавни установи исплатата ќе се врши од програмите Н1- Основно образование, Н2- Средно образование, В1- Детски градинки, В2- Старски дом и К3- Музејска и кинотечна дејност.

Член 4

Членот 23 став 2 после зборовите “образованието” се додаваат зборовите “територијалните противпожарни единици”.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09 -60/4
09.07.2024 год
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Габриела Илиевска